( Образец ПП……)

**До: Општина Демир Хисар**
**Демир Хисар**
**(имател на информацијата)**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

[redacted]

[redacted]

[redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1) Доставете ми податоци за стари, празни и напуштени објекти кои општината ги има во сопственост и не ги користи затоа што се руинирани или неупотребливи. Доколку имате празни домови на културата по селата, задружни или младински домови, стари училишни згради или напуштени помошни објекти, потребно е да добиеме број на Катастарска парцела и број на Имотен лист.

   Податоците ни се потребни за составување мапа на празни и напуштени објекти кои можат со странски донации да се искористат за независната културна сцена.

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
Се чека- б) препис
- в) фотокопија
- **(г) електронски запис**
- д) друго

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
**-(г) е-маил**
- д) друго

**Датум:** 22.09.2026

**ДО** [redacted]

ул.„Моцартова“ бр.35, Скопје

(барател на информацијата)

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по Барање информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Општина Демир Хисар

**ВРСКА:** 18-881/1, 22.09.2026 наш број

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019) во прилог Ви се доставува Решение по бараната информација.

Во прилог Ви се доставува и:

-Информација

Со почит,

Игор Дамјаноски,
службено лице за посредување со информации од јавен карактер
на Општина Демир Хисар

---------------------------------------

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на 22.09.2026 година, имателот на информацијата Општина Демир Хисар го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од [redacted], по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер во врска со објекти кои не се во функција а се во сопственост на Општина Демир Хисар, се уважува.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted] ви ја доставува информацијата во врска со објекти кои не се во функција а се во сопственост на Општина Демир Хисар.

Имено барателот доставил барање за информација од јавен карактер на 22.09.2026 година, заведено во архивата на Општина Демир Хисар на 22.09.2026 година под архивски број 18-881/1, која е во согласност со член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во прилог:

-Информација

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Демир Хисар на 22.09.2026 година, под бр. 18-881/2.

По овластување на Градоначалникот на
Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со
информации од јавен карактер

______________________________

Игор Дамјаноски, раководител на одделение за
управување со човечки ресурси

**-ИНФОРМАЦИЈА-**

Објекти кои може да се користат за намена на проектот кој го реализирате а се во сопственост на Општина Демир Хисар се следниве:

-Дом на култура во село Суводол, КП бр. 329/2 и 1205, КО Суводол,опишан во имотен лист бр. 222,

-Дом на култура во село Сопотница, КП бр.4557, КО Сопотница, опишан во имотен лист бр. 1027,

-Објект во село Белче, КП бр.83, КО Белче, опишан во имотен лист бр.160 податоци и

-Објект во село Бабино, КП бр.782, КО Бабино, опишан во имотен лист бр. 446.

Во прилог ви ги доставуваме и горенаведените имотни листови..

По овластување на Градоначалникот на Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Игор Дамјаноски, раководител на одделение за управување со човечки ресурси

----------------------------------------------